Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-568/18
06.09.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

Бр.-Nr 14-568/18
06-09 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 52 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 24.08.2022 година | **Време** | 12.00 – 13.30 часот |
| **Бр. на седница** | 52-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br><br>**Членовите на НКБК, Блерта Превала и Лавдрим Елмази претходно најавија дека поради годишни одмори нема на присуствуваат на седницата** | |
| **Други присутни на состанокот** | | | |
| **Логистичка поддршка** | | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 19.08.2022 година ;
2. Подготовка на Услови за работење (Terms of Reference) за јавна набавка на консултантски услуги за изработка на Студија за изводливост за изградба на Национална транспортна оптичка мрежа, согласно Заклучокот од 54-та седница на Владата одржана на 21.06.2022 година ;
3. Разно

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 52-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет члена на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 51-та седница, одржана на 19.08.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, експертското тело продолжи со работа на подготовката на Условите за работење (Terms of Reference) за јавна набавка на консултантски услуги за изработка на Студија за изводливост за изградба на Национална транспортна оптичка мрежа. Подготовката на материјалот е согласно Заклучокот од 54-та седница на Владата одржана на 21.06.2022 година.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, не се отвори дополнителна дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ________________